Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 79/20), во член 1 ставот 2 се менува и гласи:

„За траењето на приправничкиот стаж и полагањето на посебниот односно приправничкиот испит на работниците во Министерството за внатрешни работи, за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.“.

**Член 2**

По членот 2 се додаваат два нови члена 2-а и 2-б, кои гласат:

**„Член 2-а**

Полицаец-приправник од членот 2 од оваа уредба со законска сила, по завршување на приправничкиот стаж се смета дека го положил посебниот односно приправничкиот испит и истиот се распоредува на работно место „полицаец“ во Министерството за внатрешни работи.

**Член 2-б**

Работниците во Министерството за внатрешни работи кои имаат статус на приправник се смета дека го положиле посебниот односно приправничкиот испит и истите се распоредуваат на соодветно работно место.“.

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-2908/1**
**8 април 2020 година**
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**